# ЛОКАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА МЛАДИ
## НА ОПШТИНА ВАЛАНДОВО

2025 – 2029

MLADIHUB

British Embassy
Skopje

UK International
Development
Partnership | Progress | Prosperity

Национален младински совет
на Македонија

**ИЗДАВАЧ:**
Национален младински совет на Македонија
Ул. Вељко Влаховиќ 7/1-1, 1000 Скопје
www.nms.org.mk
info@nms.org.mk

**ЗА ИЗДАВАЧОТ:**
Мариана Ангелова, Генерален секретар

**АВТОРИ:**
Борис Шарковски, Кристина Хаџи-Василева, Консалтинг за стратешки развој

**ДИЗАЈН:**
Илија Станковски

**ПРЕВОД НА АЛБАНСКИ:**
Вјоса Таипи

**ПРЕВОД НА ТУРСКИ:**
Сејад Али

Оваа публикација е подготвена во рамки на проектот „Еднакви можности за девојчињата и младите жени во Северна Македонија" финансиран од Владата на Обединето Кралство, со поддршка на Британската амбасада Скопје. Мислењата и ставовите наведени во оваа содржина не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на Британската Влада.

Валандово, 2025.

# СОДРЖИНА


**ЛИСТА НА КРАТЕНКИ** 3

**ВОВЕД** 4

**МЕТОДОЛОГИЈА** 6

**АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА** 8

*Анализа на родовите (не) еднаквости, низ призмата на младите* 8

*Социјалната инклузија на младите на локално ниво* 9

*Младинско учество и младински политики* 9

**ПРЕГЛЕД НА СОСТОЈБАТА СО МЛАДИТЕ ВО ОПШТИНА ВАЛАНДОВО** 11

**СТРАТЕГИЈА ЗА МЛАДИ НА ОПШТИНА ВАЛАНДОВО** 15

**СТРАТЕШКИ ОБЛАСТИ И ПРИОРИТЕТИ** 16

*Стратешка област 1 - Младинско учество и локални младински политики* 16

*Стратешка област 2 – Квалитет на живот* 17

*Стратешка област 3 – Родова рамноправност* 18

**СЛЕДЕЊЕ И ЕВАЛУАЦИЈА** 19

**ФИНАНСИРАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА** 19

**АКЦИСКИ ПЛАН** 20

# ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

**БС** – Бизнис сектор
**ГО** – граѓанска организација
**ЕЛС** – Единица на локалната самоуправа
**ЛМС** – Локален младински совет
**НМСМ** – Национален младински Совет на Македонија
**СЦ** – Стратешка цел
**КЕМ** – Комисија за еднакви можности

# ВОВЕД

Стратегијата за млади на општина Валандово има за цел да се справи со предизвиците со кои се соочуваат младите во Валандово преку обезбедување рамка за меѓусебна соработка и соработка со општината и сите клучни чинители во заедницата за развивање младински политики вклучувајќи цели, принципи, приоритети, основни области и мерки кои ги вклучуваат сите оние кои се активни на теренот и како поддршка и дополнување на мерките преземени на национално ниво.
Основата на која се заснова оваа стратегија е прифаќањето дека:

- Младите имаат своја улога во заедницата и се соочуваат со специфични предизвици. Тие се желни да преземат контрола над нивните животи и да бидат активни граѓани соработувајќи со другите чинители во заедницата.
- Неопходна е општинска младинска стратегија за да им се помогне на младите да се справат со предизвиците со кои се соочуваат во нивното место на живеење усогласена со националното законодавство.
- Општинските младински цели обезбедуваат визија за заедницата. Тие се движат од поврзување на општината со младите до ментално здравје и благосостојба. Подолу во документот се дадени седумте цели, во рамки на три стратешки области, што ги подготвија младите луѓе од општина Валандово.

Општите цели на стратегијата за младите се:

- Да им овозможи на младите луѓе сами да си го градат сопствениот живот и да го поддржат нивниот личен развој;
- Поттикнување и опремување со потребните ресурси за да станат активни граѓани;
- Подобрување на политиките кои имаат влијание врз нив, особено во однос на вработувањето, образованието, здравството и социјалната вклученост;
- Да помогне да се искорени сиромаштијата кај младите и сите форми на дискриминација и да се промовира социјалната вклученост.

Стратегијата почива на следниве принципи:

- Еднаквост и недискриминација - борба против дискриминацијата и промовирање на родовата еднаквост;
- Вклучување - да се признае дека младите имаат различни потреби, животи и можности и да се развијат соодветни политики;
- Учество - препознавањето на младите како ресурс за заедницата и поттикнување на нивното вклучување во развојот и спроведувањето на политиките;
- Активен пристап - вклучување на младинските прашања низ општинските политики и реализација на конкретни младински иницијативи.

Во согласност со пристапот на ЕУ кон младите и европската младинска стратегија, Стратегијата за млади на општина Валандово идентификуваните предизвици и цели ги вклопува во три главни теми – ангажирање, поврзување и зајакнување – и поставува мерки што треба да се преземат прилагодени на локалниот контекст и потреби.

## АНГАЖИРАЊЕ

Ангажирањето на младите е камен-темелник на стратегијата за обезбедување значајно учество. Мерките вклучуваат:

- Поттикнување и промовирање на инклузивното демократско учество на младите во заедницата;
- Вклучување на младите и младинските организации во развојот и спроведувањето на политиките;
- Поддршка на застапеноста на младите во работата на општината;
- Поддршка на младинскиот дијалог и развивање на вештини за истражување на алтернативни форми на демократско учество, како што е дигиталната демократија.

## ПОВРЗУВАЊЕ

Младите треба да бидат способни да искусат различни културни, граѓански и други размени со своите врсниците во заедницата, регионот и земјата како и од другите европски земји. Мерките вклучуваат:

- Олеснување на прекуграничната мобилност за учење за младите луѓе и младинските работници, вклучително и волонтерството во граѓанскиот сектор;
- Ангажирање млади луѓе и младински организации во релевантни програми на општината;
- Споделување на најдобрите практики и развивање шеми за потврдување на вештините стекнати од неформално учење.

## ЗАЈАКНУВАЊЕ

Младинската работа може да развие клучни лични и професионални вештини и да биде катализатор за зајакнување. Мерките вклучуваат:

- Поддршка на младинските работни активности и развој и обука на младински работници;
- Препознавање на младинските организации како помошници во развојот на вештините и социјалната вклученост преку младинската работа и неформалното образование;
- Создавање пристапни точки за контакт на младите со деловниот сектор преку давање услуги и обезбедување информации.

Стратешкиот план за младите е рамка за дејствување, која ги зема предвид расположивите ресурси, пречките и можностите кои водат кон конкретен пристап и кон посакуваниот севкупен развој. Работата на спроведувањето на поставените задачи од овој документ претставува средство за планирање, планско прилагодување на околината кон промените, утврдување на приоритетите и нивно насочување на ресурсите кон обезбедување на максимално искористување и ставање во функција на развојот на младите во општината, остварени преку годишните планови и програмите кои се од вонредно високо значење за програмираниот развој за одредена област, согласно законските надлежности за работа на општината.

Целиот процес посветува внимание на родовата еднаквост преку постојана проверка на поставените цели и резултати од родовата перспектива, т.е. дали подеднакво одговараат на потребите на девојчињата и момчињата.

# МЕТОДОЛОГИЈА

Пристапот на изработка на Стратегијата за млади на општина Валандово беше партиципативен и транспарентен процес со вклучување на сите клучни засегнати страни. Ова подразбираше дефиниран процес на истражување, систематизација на податоци и подготовка на работна верзија која минува низ јавна расправа и заклучно финалната верзија-основен документ се поднесува до Советот на општина Валандово на усвојување општински документ насловен како “Стратегијата за млади на општина Валандово (2025-2029)”. Учесниците во изработката на овој стратешки план се водеа и ги потврдија следните значајни принципи за подготовка и имплементација на стратешкиот документ:

- Законитост и прифатливост;
- Чувство на сопственост;
- Одржливост;
- Квалитет;
- Ефикасност и ефективност;
- Насочен процес на планирање на развојот;
- Сеопфатно планирање на развојот;
- Практика на добро владеење.

Наведените принципи и вредности ќе бидат валидни во текот на спроведување на стратешкиот план, како и при следењето и оценката во постигнувањето на целите за Општина Валандово.

Избраната методологија го користеше пристапот „од долу – нагоре“ bottom up[1] и процесот на изработка го организираше во циклус од работилници и консултации со градоначалникот, општинската администрација, младите, советот и останатите чинители во периодот меѓу работилниците и во завршната подготовка на документот. Работилниците имаа за цел да ги вклучат чинителите и од нив да генерираат податоци, ставови и идеи и истите да ги вградат во развојниот процес на изработка на документот. Консултациите пак, се однесуваа и беа насочени кон добивање на дополнителни информации, ставови и идеи од учесниците на работилниците и преку нив од локалното население заради посеопфатно и стуктурирано искористување на општинските капацитети, знаења и вештини во дефинирање на програмата.

Процесот на изработка на Стратегијата за млади на општина Валандово (2025-2029) се одвиваше преку:

- Анкета на репрезентативен примерок, со цел да се испитаат состојбата, приоритетите, барањата и идеите на младите, за поголем и побрз развој на општината во целина,
- Две работилници,
- Сумирање и заклучоци помеѓу работилниците.

1. Оваа метода е инструмент за олеснување на примената на партиципативен развоен пристап што ги вклучува сите членови на општината разбрана како заедница. Овој инструмент се користи за пренесување информации, идентификување потреби и утврдување основа за акција. Пристапот „од долу - нагоре“ активно ги вклучува субјектите во процесот на планирање и одлучување поврзан со нивниот развој. Овој пристап гарантира дека стратешките приоритети се одразени во општинските иницијативи со истовремено нивно прилагодување на потреби те на спортот.

Анкетата опфати 90 прашалници, што претставува речиси репрезентативен примерок[2] и тоа според следните возрасни категории:

- 15 – 18 години – 25 испитаници,
- 19 -24 години- 36 испитаници,
- од 25 – 29 години – 29 испитаници.

Родовата поделба беше 49% жени, 51% мажи. Вкупно 37 прашалници беа спроведени во урбана и 53 во руралните средини.

При изработката на стратегијата во сите фази се внимаваше предложените мерки/активности/цели/резултати да ги одразуваат потребите и на маргинализираните и ранливи групи, како и реално да се отсликаат потребите на жените и мажите.

Стратегијата се усвојува од страна на Советот на Општина Валандово на првата наредна седница и истиот документ се води со важност во времетраење од 5 години[3]. Стратегијата за младите на Општина Валандово е во согласност со определбите, приоритетите и стратешките цели на општина Валандово и се води од принципите на комплементарност со хиерархиски повисоките документи. Притоа, истовремено и подеднакво, се внимаваше на специфичните потреби и можности на локално ниво и нивното максимално искористување во изработка на документот

.

2. Репрезентативен примерок е 100 анкети.
3. Усвојувањето на документот е во согласност со член 22 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/02).

# АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА

*Анализа на родовите (не) еднаквости, низ призмата на младите*[4]

Родовата еднаквост е концепт во кој жените и мажите, девојчињата и момчињата имаат еднакви услови, третман и можности за остварување на нивниот целосен потенцијал, човековите права и достоинството еднакво придонесуваат кон економскиот, социјален, културен и политички развој. Родовата еднаквост подразбира дека се земаат предвид интересите, потребите и приоритетите и на жените и на мажите и на девојчињата и момчињата, согледувајќи ја различноста на различните групи и дека сите човечки суштества се слободни да ги развиваат своите лични способности и да прават избор без ограничувањата поставени од стереотипите и предрасудите за родовите улоги. Пристапот на оваа Стратегија се води од претпоставката дека родовите нееднаквости во сите области од човековото живеење во голема мера се предизвикани од родовите стереотипи и предрасуди, кои се формираат уште во адолесцентските години.

Повеќе од 90% од младите, на национално ниво, независно од полот, слушнале за терминот родова еднаквост, но сепак не се доволно запознаени со неговото значење. Секој трет млад маж верува дека во нашето општество мажите и жените имаат еднаков третман, односно за нив не постои родова нееднаквост. Мнозинството млади жени 63%, како и повеќе од половина од младите мажи 55% сметаат дека нема родова еднаквост во Република Северна Македонија. Соодносот на млади лица кои сметаат дека во Северна Македонија постојат родови стереотипи, наспроти оние кои се убедени дека не постојат или не ги препознаваат е 3 наспрема 1. Во Општина Валандово резултатите се слични, мнозинството испитаници сметаат дека не постојат разлики помеѓу девојчињата и момчињата и дека сите се подеднакво (не)вклучени во консултациите кои се однесуваат за млади во општината.

Мнозинството од младите во државата се свесни за штетноста на родовите стереотипи додека секој трет млад човек лично искусил родово стереотипно однесување и негативни влијанија од него, а почесто родовите стереотипи ги искусуваат младите жени. Родово стереотипното однесување е почесто искусено од младите од малцинските етнички заедници, па така секој втор испитаник од ромска и албанска етничка припадност лично бил погоден од негативните влијанија на родовите стереотипи. 65% од младите сметаат дека родовите стереотипи се присутни во нивното најблиско опкружување. Во однос на тоа каде ги учат, слушаат, гледаат родовите стереотипи и каде младите сметаат дека најчесто се појавуваат, на прво место е кругот на семејството, по што следат социјалните медиуми и образовните институции. Девојчињата многу почесто ги забележуваат родовите стереотипи кои несразмерно повеќе ги погодуваат во образовниот процес. Младите жени се помалку подложни на родови стереотипи од младите мажи.

На национално ниво, најголем дел од испитаничките 67% и 57% од испитаниците сметаат дека врз основа на нивниот физички изглед, жените немаат еднаков третман, додека 53% од испитаниците и 57% од испитаничките истото го сметаат и за мажите.

4. https://nms.org.mk/wp-content/uploads/2023/10/MKD-Analiza-Rodova-neednakvost-kaj-mladite.pdf

Повеќе од половина, односно 60% од испитаничките и испитаниците сметаат дека момчињата/мажите и девојчињата/жените имаат еднаков пристап до образовни можности во Република Северна Македонија. 18% од вкупниот број испитанички, не биле охрабрени од членовите на своето семејство да го продолжат образованието и да завршат повисок степен на образование. Повеќе од половина од младите испитаници не се свесни за постоењето на родовите улоги, стереотипи и предрасуди кои влијаат при изборот на професија или пак при изборот на кандидат/кандидатка од страна на работодавачите. 40% од испитаничките сметаат дека би имале тешкотии при наоѓањето работа. Најмногу родово стереотипни убедувања кај младите има по однос на политичката активност и учеството во донесување одлуки на жените.

Младите од Општина Валандово генерално изразиле став дека во нивната заедница не постојат родови стереотипи и предрасуди. Сепак, одреден број учесници посочиле дека традиционалните вредности се длабоко вкоренети, до тој степен што родовите стереотипи не се препознаваат како ограничувачки или проблематични наративи.
Дополнително, за време на работилниците, учесниците декларативно потврдиле дека не постојат значајни разлики меѓу родовите. Сепак, во одредени дискусии било истакнато дека некои родови стереотипи се сметаат за природни или прифатливи и дека не постои потреба од нивна промена.

### *Социјалната инклузија на младите на локално ниво*

Вклучувањето на младите и консултациите со нив остануваат камен-темелник на партиципативното и транспарентното владеење, клучно за овозможувањето на младите активно да придонесат кон својот општествен и локален развој преку сопствени идеи и учество. Иако основите за ова вклучување се утврдени во правните рамки на државата, особено преку доследна имплементација на Законот за младинско учество и младински политики и Националната стратегија за млади 2023-2027 праксата покажува дека има значителен простор за подобрување во нивното спроведување на локално ниво.
Согласно Индексот на социјална инклузија на младите на локално ниво[5], само 4 општини се одлични и се квалификуваат како пријателски настроени кон младите и тоа Општина Охрид, Гостивар, Крива Паланка, Струмица и Гевгелија. Согласно овој Индекс, Општина Валандово се наоѓа на 16 место со 60% исполнетост.

Просечната оцена на социјалната вклученост на младите на локално ниво е 41% што е на долната граница на просечната вредност за социјална вклученост на младите на локално ниво. 55% од општините спаѓаат во групата „незадоволитена" во однос на социјалната вклученост на младите на локално ниво. Во Општина Валандово 41% од анкетираните млади сметаат дека се вклучени во носење на одлуки кои ги засегаат, додека 59% изјавиле дека воопшто не се вклучени. Оние кои биле вклучени немаат одговор/пример на кој начин биле вклучени, што води до заклучок дека информациите потешко доаѓаат од институциите до младите. Состојбата е донекаде подобра во средното училиште и таму младите се чуствуваат вклучени во носењето на одлуки.

### *Младинско учество и младински политики*

На 14 јануари 2020 година, Собранието на Република Северна Македонија го донесе Законот за младинско учество и младински политики[6], значаен закон кој има за цел да ја

5. https://nms.org.mk/wp-content/uploads/2024/08/Indeks-za-socijalna-inkluzija-_Final.pdf
6. Закон за младинско учество и младински политики, Службен весник на РСМ, бр. 10 од 16.1.2020 година

зајакне улогата на младите во процесите на креирање политики и одлучување во земјата. Создавањето на овој закон се карактеризираше со транспарентност, инклузивност и активен дијалог меѓу различните чинители, кој претставува значајна пресвртница за младинскиот сектор во Северна Македонија.

Во однос на финансирањето за спроведување на овој закон од Буџетот на Република Северна Македонија годишно се издвојуваат средства во висина од најмалку 0,3%, додека од буџетите на општините за млади се издвојуваат средства во висина од најмалку 0,1% на годишно ниво. Законот за младинско учество и младински политики, во формата во која е донесен, покрива многу поволности за младите и младинските организации во Северна Македонија, но остава простор за негово проширување и унапредување, особено во поглед на креирање механизми за надзор на спроведувањето на законот на централно и на општинско ниво.

Во поглед на имплементацијата, согласни одредбата од законот за формирање локални младински совети, 34 општини, што претставува 42% од вкупниот број општини, истакнуваат дека имаат формирано Локален младински совет во согласност со одредбите од Законот за младинско учество и младински политики. Според истражувањето, во 41 општина не е формиран локален младински совет.

Во Општина Валандово има формирано Совет на млади, но голем дел од младите не се запознаени со ова и од општината признаваат дека не е функционален. Дел е поради партизација на самиот процес, а дел е поради незаинтересираноста на самите млади. Општината одвојува одреден буџет за финансирање на младински иницијативи, но нема предвидени 0,1% согласно законот, а во она што го финансира како младинска иницијатива влегува се што ги допира младите, како на пример игралишта, поддршка за спортски клубови, што воопшто не е идејата на законот за младинско учество и политики. Националната стратегија за млади е стратешки документ со кој се утврдуваат среднорочни цели и приоритети за развој на младинските политики и унапредување на интересите на младите и се утврдуваат организациски, финансиски и административни мерки за нивно остварување. Иако во периодот на донесување на законот постоеше важечка стратегија за периодот 2019-2025, новиот закон предвидуваше и донесување нова национална стратегија за млади, конкретно во рок од 18 месеци од донесувањето на законот. Новата Национална стратегија за млади 2023-2027 опфаќа 8 приоритетни области: Младинско учество; Младинско информирање; Младинска работа; Образование; Култура; Здравје; Претприемништво и поддршка пред вработување и Безбедност (насилство). Заедно со донесувањето на новата Национална стратегија беше донесен и акциски план за неа за периодот 2023-2025 и е првиот акциски план за имплементација на стратегијата, а предвидена е и изработка на втор акциски план за периодот 2025-2027.

Локалната стратегија за млади е стратешки документ со кој, во согласност со Националната стратегија за млади, се утврдуваат среднорочни цели и приоритети за развој на младинските политики и унапредување на интересите на младите на локално ниво и се утврдуваат организациски, финансиски и административни мерки за нивно остварување. Таа претставува основа за развој на локалните младински политики на конкретната општина во петте години во чиј период е донесена стратегијата. Локалната стратегија треба да содржи и Акциски план за реализација со дефинирани активности,

7. https://api.ams.gov.mk/wp-content/uploads/2023/10/nsm23-27-sluzhben-vesnik.pdf

динамика, носители на активности и проекции на буџетски средства, како и услови и индикатори за евалуација за спроведувањето на локалната стратегија за млади. Локалната стратегија за млади, заедно со акциските планови, се изработува од страна на општините во соработка со локалниот совет на млади, а се спроведува со буџетски средства од конкретната општина.

Досега, согласно со добиените податоци, 16 од општините одговориле дека во општината има младински центар, но реалната слика е дека само 10 од овие центри се функционални и тоа во Општините: Центар, Куманово, Пробиштип, Штип, Велес, Кавадарци, Охрид, Битола, Липково и Гостивар.

Поврзано со добиените одговори важно е да се напомене дека, во дел од овие општини отворањето младински центар е во процес, а во дел од општините младинските центри функционираат со донаторска поддршка, но без притоа да добиваат финансиски средства од општината. Општина Валандово нема младински центар.

Од јавно достапните информации за службениците за млади, може да се утврди дека досега се именувани 56 службеници за млади во државните институции, односно органите на државната управа, а 65 во општините. Процентуално гледано, 80% од општините ја имаат исполнето таа обврска. Во Општина Валандово има назначено службеник за млади.

### *Преглед на состојбата со младите во Општина Валандово*

Општина Валандово се наоѓа во југоисточниот дел на Република Северна Македонија и е дел од Југоисточнио плански регион. Територијално на север се граничи со општина Конче, на исток со општина Струмица, на југоисток со општините Дојран и Богданци, а од запад со Гевгелија. Според стапката на надморска висина со просечни 226 метри спаѓа во најниските општини во Р. Северна Македонија.

Просечната стапката на височина на Валандовското поле е 82 метри. Една од најголемите предности на Валандово е близината со Република Грција, што овозможува и подобри услови за развој на бизнис и транзитен туризам. Сепак, во оваа насока не постои инфраструктура, ниту приватни иницијативи за развој на туризмот.

Според податоците од пописот на население спроведен 2021, во Општина Валандово има 10.508 жители. Оваа бројка е значајно (повеќе од 10%) намалена во однос на бројот на жители со пописот од 2001 (11.890). Во градот Валандово живеат 3.671 жители, додека во руралните средини 6.837. Во Општина Валандово живеат 83% Македонци, 12% Турци и 5% останати. Во Општина Валандово, согласно податоците од пописот во 2021, од вкупната популација процентот на млади е 16%. По возрасни категории:

- 15–19 години - 2.204 (1 163 момчиња, 1 041 девојчиња)
- 20–24 години - 2.513 (1 346 мажи, 1 167 жени)
- 25–29 години - 2.825 (1 474 мажи, 1 351 жени)

### *Образование*

Според резултатите од анкетата и дискусиите на работилниците, младите во Општина Валандово генерално се задоволни од образовните услови. Во општината функционираат доволен број основни училишта и едно средно училиште, кои во голема мера ги задоволуваат потребите на локалното население. Сепак, анализата покажува дека училиштата само делумно обезбедуваат соодветни услови за квалитетна настава, при што како најзначајни предизвици се издвојуваат недостатокот на дигитални уреди и енергетската неефикасност на училиштата.

Постоењето на само едно средно училиште во Валандово резултира со тоа што дел од основците не можат да се запишат во посакуваното училиште, што ги принудува да продолжат со образованието во соседните градови, најчесто Гевгелија. Овој тренд има активно влијание врз миграцијата, бидејќи значителен дел од овие ученици не се враќаат во општината по завршувањето на школувањето. Иако инфраструктурата на училиштата ги задоволува основните критериуми, идентификувана е потреба за подобрување на условите за престој на учениците преку воспоставување на училишни кујни/мензи.

### *Вработување и економски можности*

Младите во Валандово се соочуваат со ограничени можности за вработување, иако постои побарувачка за работна сила во одредени сектори. Главниот предизвик лежи во несоодветноста помеѓу образовниот систем и потребите на локалниот пазар на трудот. Затоа е неопходно структурно реформирање на образовните програми и поголема соработка меѓу образовните институции и приватниот сектор.

Бизнис заедницата треба поактивно да се вклучи во детектирање и решавање на проблемите во образованието преку механизми како што се програми за стипендирање, поддршка за млади претприемачи и организирање на обуки и курсеви за стекнување на потребните вештини. Покрај тоа, идентификувана е потреба од создавање подобри услови за привлекување на ИТ-компании во општината и субвенционирање на млади кои се заинтересирани да работат во овој сектор и/или нудат дигитални услуги.

Во однос на претприемништвото, младите во Валандово сметаат дека не постои доволна поддршка за започнување сопствен бизнис. Политичката партизација е перцепирана како значителна пречка за развој на деловниот сектор, а пристапот до финансиски средства и релевантни знаења е ограничен. Младите тешко доаѓаат до средства за започнување на бизнис и немаат пристап до потребните знаења за да ги надминат предизвиците во водењето на бизнисот. Пристапот до информациите поврзани со обуките и финансирањето е ограничен и не постои систем на информирање на бизнисите за ваквите поволности. Овие проблеми еднакво ги тангираат и младите маж и жени, но традиционалните вредности и стереотипот дека жените не можат да водат бизнис, додаваат дополнителна тешкотија на девојките да започнат сопствен бизнис. Повеќе од 70% од испитаниците сметаат дека мерките платено практикантство и платена младинска работа може многу да помогне за младите полесно да се вклучат на пазарот на труд. Сепак, ограничените области во кои се нудат работни места во Валандово оневозможува младите да се вработат согласно нивните афинитети, што се смета за една

од причините за миграција. Недостатокот на креативни и иновативни занимања, исто така е детектиран како еден од проблемите со кои се соочуваат младите во Валандово.

### *Земјоделство и индустрија*

Земјоделството е една од најразвиените стопански гранки во општината. Производството е фокусирано на раноградинарски и полјоделски култури, со посебен акцент на лозарството и овоштарството. Специфични култури карактеристични за овој регион се калинката, смоквата и јапонското јаболко. Во последната деценија, значаен подем има текстилната индустрија, која функционира по лон-системот, со десет конфекции што вработуваат претежно жени. Иако ова позитивно придонесува за вработеноста, недостигот на работни места за високообразовани кадри и во други области останува проблем.

### *Социјални и јавни услуги*

Младите во општината изразуваат незадоволство од достапноста и квалитетот на здравствените и социјалните услуги. Најзначајни приоритети се проширување на социјалните услуги, како што се советувалишта, бесплатна правна помош и центри за згрижување на жртви на семејно насилство. Здравствените услуги се делумно достапни, но општината има ограничен број специјалисти во одредени медицински области, што дополнето со лошиот квалитет на јавниот превоз дополнително го усложнува пристапот до здравствена заштита и создава потешкотии за граѓаните.

### *Инфраструктура и животна средина*

Младите генерално се задоволни од инфраструктурата, но забележуваат дека парковите и зелените површини не се доволно одржувани. Проблемот со кучињата скитници е еден од најчесто посочуваните предизвици, а хигиената во градот се смета за солидна, иако постои простор за унапредување. Загадувањето, иако ретко се дискутира, останува сериозен проблем поради присуството на индустриски капацитети со висок степен на емисии на штетни гасови. Младите се изјаснуваат дека се ограничено вклучени во иницијативи за решавање на еколошки прашања.

### *Безбедност*

Околу 70% од младите идентификуваат безбедносни проблеми, вклучително насилни инциденти, кражби и сообраќајни несреќи. И покрај тоа, не постојат значителни разлики во перцепцијата на безбедност помеѓу мажите и жените – сите се чувствуваат еднакво загрозени од овие негативни појави.

### *Култура, спорт и младинско учество*

Во доменот на културата, младите укажуваат на недостаток на културни манифестации и настани, освен традиционалните како што е „Фолк Фест“ Валандово. Иако младите имаат желба за вклучување во вакви активности, поддршката е ограничена и најчесто доаѓа од училиштата и Домот на култура и е лимитирана на обезбедување простор за настани. Во општината постои солидна инфраструктура за спорт и рекреација, но недостасува кадар

за поголем развој на спортот. Во општината не постои центар за млади, ниту буџетски средства наменети за развој на младински иницијативи.

### *Миграција и идни предизвици*

Како и многу други помали општини во земјата, Валандово се соочува со значителна миграција, особено кон Гевгелија, Струмица, Скопје и странство. Мал број од младите кои заминуваат на студии се враќаат во општината, а миграцијата е особено изразена во руралните средини, што негативно влијае на земјоделскиот сектор. Недостигот на мерки за поддршка на младите претприемачи, вклучително во земјоделството, дополнително го усложнува овој проблем.

За подобрување на состојбата на младите во Општина Валандово, неопходно е:

- Подобрување на образовните програми и нивно прилагодување на локалниот пазар на трудот;
- Поттикнување на претприемништвото преку субвенции и олеснет пристап до финансии;
- Развој на нови економски можности, особено во ИТ-секторот;
- Подобрување на здравствените и социјалните услуги;
- Поттикнување на културни и спортски активности;
- Преземање мерки за спречување на миграцијата преку создавање подобри услови за живот и работа.

Синхронизиран ангажман на сите чинители – локалната самоуправа, бизнис секторот, образовните институции и граѓанското општество – е клучен за ефективно спроведување на овие мерки и унапредување на квалитетот на живот на младите во општината.

# СТРАТЕГИЈА ЗА МЛАДИ
НА ОПШТИНА ВАЛАНДОВО

# ВИЗИЈА

Младите во Општина Валандово се проактивни и одговорни граѓани на општината.

# МИСИЈА

Овозможување на услови за реализација на младински иницијативи во областите кои ги засегаат младите и подигање на нивото на информираност на младите ќе овозможат средина во која тие ќе го остварат својот целокупен потенцијал.

# СТРАТЕШКИ ОБЛАСТИ И ПРИОРИТЕТИ

## СТРАТЕШКА ОБЛАСТ 1 - МЛАДИНСКО УЧЕСТВО И ЛОКАЛНИ МЛАДИНСКИ ПОЛИТИКИ

**Стратешки цели:**

**СЦ 1.1:** Доследно, ефективно и ефикасно спроведување на Законот за младинско учество и младински политики

Активности за поддршка на целите:

- Воспоставување на функционален Совет на млади;
- Одвојување на најмалку 0,1% од буџетот на општината за младински проекти;
- Отворање на младински центар, согласно Законот за младинско учество и политики;
- Поттикнување на системско вмрежување и структурна соработка помеѓу формите на младинско организирање, младите и носителите на одлуки, согласно Законот за младинско учество и политики

**СЦ 1.2:** Овозможување на младинско учество во процесите на одлучување и креирање политики на локално ниво

Активности за поддршка на целите:

- Специфични обуки за младите, согласно нивните потреби;
- Континуирана едукација и информирање на младите за важноста и придобивките од младинското учество, во образовниот процес;
- Континуирано јакнење на компетенциите на наставниот кадар и членовите на органите на управување во средните училишта за поддршка на младинското организирање и учество на младите во процесите на одлучување;
- Обезбедување пристап до дигитални алатки за младинско учество;
- Поттикнување на формирање на нови младински организации и нивна поддршка, со фокус на помалку развиените делови од општината и области кои опфаќаат маргинализирани млади;
- Поддршка на проекти иницирани од млади луѓе во областите што тие ги претпочитаат;
- Организирање форуми на кои младите ќе можат да ги споделат своите идеи и потреби со локалните власти;
- Вклучување на младите во одредувањето приоритети за локалниот буџет за младински проекти.

## СТРАТЕШКА ОБЛАСТ 2 - КВАЛИТЕТ НА ЖИВОТ

**Стратешки цели:**

**СЦ 2.1:** Зголемена вклученост на младите во создавање на културните политики и содржини

**СЦ 2.1.1:** Подобрување на инфраструктурата за културни настани

Активности за поддршка на целите:

- Отворање нови простори за културни активности,
- Реновирање на културните домови во руралните средини или изградба на мали културни центри,
- Подобрување и модернизација на градската библиотека,

**СЦ 2.1.2:** Зголемување на културните и уметничките настани

Активности за поддршка на целите:

- Организирање повеќе културни и музички настани од интерес на младите,
- Воспоставување на редовен кино репертоар,
  Организирање редовни театарски претстави, вклучувајќи гостувања од други градови,
- Вечери за поезија и литературни читања,
  Организација на саеми на книги,

**СЦ 2.1.3:** Поддршка за млади уметници и креативци

Активности за поддршка на целите:

- Општинска поддршка за младите уметници,
- Организирање фото и поетски конкурси,
  Часови за сликање и цртање,
- Работилници за актерска игра,

**СЦ 2.1.4:** Унапредување на писменоста и дигиталните вештини

Активности за поддршка на целите:

- Организирање интерактивни настани за подигнување на нивото на писменост и литература кај младите,
- Курсеви за дигитална уметност.

**СЦ 2.2:** Подобрување на условите за образование

Активности за поддршка на целите:

- Зголемување на пристапот до образование за младите, особено младите од ранливите категории;
- Подобрување на инфраструктурата во образовните објекти, вклучувајќи го и
- подобрувањето на енергетската ефикасност и дигиталната инфраструктура;
- Подобрување на пристапноста на образовните објекти за младите лица со попреченост и обезбедување на соодветно адаптирани образовни материјали за
- непречено следење на наставата;
  Овозможување на кариерно насочување и советување за младите во сите нивоа на образование.

**СЦ 2.3:** Подобрување на условите за развој на спорт и рекреација

Активности за поддршка на целите:

- Изградба/адаптација на модерна спортска сала за различни активности како кошарка, мини фудбал, одбојка и училишни спортски настани;
- Финансиска поддршка за локалните спортски клубови;
- Зголемување на бројот на спортски настани;
- Поддршка на младите спортски таленти, награди за освоени места од општината и поддршка за клубовите;
- Воведување мерки за одржливо финансирање на спортските клубови од страна на општината.

## СТРАТЕШКА ОБЛАСТ 3 - РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ

**Стратешки цели:**

**СЦ 3.1:** Обезбедување на социјални услуги за поддршка на жени и девојки

Активности за поддршка на целите:

- Обезбедување бесплатни гинеколошки прегледи;
- Бесплатни менструални продукти во училиштата;
- Воспоставување сервис за поддршка за млади родители (мајки, татковци, трудници)
- Обезбедување социјална и правна помош за жени во социјален ризик;
- Сервиси за психолошко советување за млади
- Обезбедување психосоцијална поддршка за жртви на родово базирано насилство
- Сервиси за грижа за деца (градинки, центри за ран детски развој)
- Субвенциониран јавен превоз за младите од руралните средини, приспособен на нивните потреби
- Обезбедување субвенциониран оброк во секое училиште

**СЦ 3.2:** Намалување на разликите помеѓу момчињата и девојчињата и спроведување на мерки за борба против родовите стереотипи и предрасуди

Активности за поддршка на целите:

- Курсеви за обука за нови вештини кои се барани и добро платени на пазарот на трудот вклучително и во доминантно машки професии (ИТ, графички дизајн, металургија, соларна индустрија итн.);
- Кампањи кои промовираат родова еднаквост и ги предизвикуваат родовите стереотипи во локалната заедница;
- Обука за професионални вештини, претприемништво и финансиско управување, кои ќе им помогнат на младите жени да се вклучат во работната сила;
- Кампањи за женското и машкото здравје
- Финансиска поддршка за жени  за започнување бизнис и стипендии за образование;
- Образовни и менторски програми за лидерство и претприемништво и финансиска писменост за девојчиња и момчиња;
- Програми за здрава исхрана и физичка активност за жени

# СЛЕДЕЊЕ И ЕВАЛУАЦИЈА

Службеникот за млади во општина Валандово во соработка со останатите општински служби ќе биде одговорен за следење и евалуација на имплементацијата на Стратегијата за млади на Општина Валандово. Службеникот за млади ќе изготвува годишни извештаи за постигнатите резултати во имплементацијата на активностите од стратегијата и истите ќе ги доставува до Градоначалникот и Советот на општината. Извештаите ќе се разгледуваат од страна на Советот во секој прв квартал (јануари – март) во наредната година за достигнувањата во претходната.

# ФИНАНСИРАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА

За имплементација на активностите од овој стратешки документ потребно е предвидување на финансиска и техничка поддршка од страна на Буџетот на општината, од страна на Буџетите на институциите инволвирани и надлежни за оваа област, но и од страна на надворешно финансирање и донации посебно предвидени со користење на претпристапните фондови на ЕУ, или некои билатерални договори. Изворите на финансии, предвидени за имплементација на Стратешкиот план, општината ќе ги обезбедува преку средства предвидени со буџетот на општината.

Финансирањето и спроведувањето на оваа Стратегијата ќе се разгледува еднаш до два пати годишно и ќе се прави преглед на започнати или реализирани остварувања како и тековна подготовка на годишни акциони планови за годишно планирање на финансирање на стратегијата.

Вкупната сума за спроведување на оваа Стратегија е околу 15,000,000.00 денари, со тоа што поради потребите од инфрастуктурни зафати, како предуслов за спроведување на некои од мерките, се очекува овој износ да не биде поделен на еднакви делови, туку финансирањето да биде поголемо во првата година од имплементацијата.

# АКЦИСКИ
ПЛАН

# Стратешка област 1 - Младинско учество и локални младински политики

*Стратешка цел 1.1: Доследно, ефективно и ефикасно спроведување на Законот за младинско учество и политики*

| МЕРКА/АКТИВНОСТ | ИНДИКАТОР/ПОКАЗАТЕЛ | БУЏЕТ | ВРЕМЕНСКА РАМКА | ОДГОВОРНО ЛИЦЕ/ИНСТИТУЦИЈА |
|---|---|---|---|---|
| **Воспоставување на функционален Совет на млади** | -Формиран нов функционален ЛМС<br>-Број на седници на Совет на кои учествувал ЛМС<br>-Број на дадени наспрема број на прифатени предлози дадени од ЛМС на Совет на општина<br>-Буџет за ЛМС како процент од вкупниот буџет на ЕЛС<br>-Отворен младински центар<br>-Број на настани во младинскиот центар<br>-Број на посетители на младинскиот центар (податоци разделени по род и возраст)<br>- Број на стипендии доделени на млади (податоци разделени по род и возраст) од ЕЛС и висина | 500,000 МКД | 2025 | Општина Валандово |
| **Одвојување на најмалку 0,1% од буџетот на општината за младински проекти** | | | 2025 – 2029 | Општина Валандово, ГО |
| **Отворање на младински центар, согласно Законот за младинско учество и политики** | | | 2025 – 2026 | Општина Валандово |
| **Поттикнување на системско вмрежување и структурна соработка помеѓу формите на младинско организирање, младите и носителите на одлуки** | | | 2025 – 2029 | Општина Валандово, ГО |

*Стратешка цел 1.2: Овозможување на младинско учество во процесите на одлучување и креирање политики на локално ниво*

<table>
<tr><th>МЕРКА/АКТИВНОСТ</th><th>ИНДИКАТОР/ПОКАЗАТЕЛ</th><th>БУЏЕТ</th><th>ВРЕМЕНСКА РАМКА</th><th>ОДГОВОРНО ЛИЦЕ/ИНСТИТУЦИЈА</th></tr>
<tr><td>Континуирана едукација и информирање на младите за важноста и придобивките од младинското учество, во образовниот процес</td><td rowspan="6">-број на организирани обуки<br>-број на учесници (податоци разделени по род и возраст)<br>-10% зголемено знаење за темата на обуката<br>-број на воведени дигитални алатки<br>- број на млади (податоци разделени по пол, возраст, етничко потекло, урбан/рурал) корисници на алатките<br>- најмалку 40% задоволство од корисниците на алатките<br>- број на поддржани младински организации<br>- број на поддржани проекти иницирани од млади на теми за млади (најмалку 40% за девојчиња и жени)<br>-број на форуми/настани за потребите на младите – број на учесници и иницијативи предложени од младите (податоци разделени по</td><td rowspan="6"></td><td>2025 – 2028</td><td>Општина Валандово</td></tr>
<tr><td>Континуирано јакнење на компетенциите на наставниот кадар и членовите на органите на управување во средните училишта за поддршка на младинското организирање и учество на младите во процесите на одлучување</td><td>2025 – 2028</td><td>Општина Валандово, образовни институции, ГО</td></tr>
<tr><td>Обезбедување на пристап до дигитални алатки за младинско учество</td><td>2025 – 2028</td><td>Општина Валандово, ГО</td></tr>
<tr><td>Поттикнување на формирање на нови младински организации и нивна поддршка, со фокус на помалку развиените делови од општината и области кои опфаќаат маргинализирани млади</td><td>2025 – 2029</td><td>Општина Валандово, ГО</td></tr>
<tr><td>Поддршка на проекти иницирани од млади луѓе во областите што тие ги претпочитаат</td><td>2025 – 2029</td><td>Општина Валандово</td></tr>
<tr><td>Организирање форуми на кои младите ќе можат да ги споделат своите идеи и потреби со локалните власти</td><td>2025 – 2029</td><td>Општина Валандово, ГО</td></tr>
</table>

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Вклучување на младите во одредувањето приоритети за локалниот буџет за младински проекти** | возраст, етничко потекло, урбан/рурал)<br>- број на дадени и прифатени иницијативи од девојчиња/ жени | | 2025 – 2029 | Општина Валандово |

# Стратешка област 2 – Квалитет на живот

***Стратешка цел 2.1: Зголемена вклученост на младите во создавање на културните политики и содржини***
***Стратешка цел 2.1.1: Подобрување на инфраструктурата за културни настани***

| МЕРКА/АКТИВНОСТ | ИНДИКАТОР/ПОКАЗАТЕЛ | БУЏЕТ | ВРЕМЕНСКА РАМКА | ОДГОВОРНО ЛИЦЕ/ИНСТИТУЦИЈА |
|---|---|---|---|---|
| **Отворање на нови простори за културни настани** | - зголемен број на места за културни настани<br>- број на реновирани културни центри во руралните средини | 3 000 000 МКД | 2025 – 2029 | Општина Валандово, Институции од култура , млади |
| **Реновирање на културните домови во руралните средини или изградба на мали културни центри** | | | 2025 – 2029 | Општина Валандово, ГО, Институции од култура, млади |

***Стратешка цел 2.1.2: Зголемување на културните и уметничките настани***

| МЕРКА/АКТИВНОСТ | ИНДИКАТОР/ПОКАЗАТЕЛ | БУЏЕТ | ВРЕМЕНСКА РАМКА | ОДГОВОРНО ЛИЦЕ/ИНСТИТУЦИЈА |
|---|---|---|---|---|
| **Организирање повеќе културни и музички настани од интерес на младите** | -за 20% зголемен број на културни настани за млади<br>- зголемен број на културни настани организирани од млади (најмалку 40% жени/девојчиња)<br>- број на театарски претстави | | 2025 – 2029 | Општина Валандово, Институции од култура , млади |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Воспоставување на редовен кино репертоар** | - број на литературни настани (читања, саеми)<br>- број на учесници (податоци разделени по возраст, етничко потекло, урбан/рурал)<br>-процент на задоволсто од настаните (податоци разделени по возраст, етничко потекло, урбан/рурал) | | 2025 – 2029 | Општина Валандово, ГО, Институции од култура, млади |
| **Организирање редовни театарски претстави, вклучувајќи гостувања од други градови** | | | 2025 – 2029 | Општина Валандово, Институции од култура , млади |
| **Вечери за поезија и литературни читања** | | | 2025 – 2029 | Општина Валандово, ГО, Институции од култура, млади |
| **Организација на саеми на книги** | | | 2025 – 2029 | Општина Валандово, Институции од култура , млади |

***Стратешка цел 2.1.3: Поддршка за млади уметници и креативци***

| МЕРКА/АКТИВНОСТ | ИНДИКАТОР/ПОКАЗАТЕЛ | БУЏЕТ | ВРЕМЕНСКА РАМКА | ОДГОВОРНО ЛИЦЕ/ИНСТИТУЦИЈА |
|---|---|---|---|---|
| **Општинска поддршка за младите уметници** | -износ на средства за поддршка на младите<br>-број на организирани едукативни настани<br>-број на учесници на настаните (податоци разделени по возраст, етничко потекло, урбан/рурал) | 1 000 000 | 2025 – 2029 | |
| **Организирање фото и поетски конкурси** | | | 2025 – 2029 | |
| **Часови за сликање и цртање** | | | 2025 – 2029 | |
| **Работилници за актерска игра** | | | 2025 – 2029 | |

### *Стратешка цел 2.1.4: Унапредување на писменоста и дигиталните вештини*

| МЕРКА/АКТИВНОСТ | ИНДИКАТОР/ПОКАЗАТЕЛ | БУЏЕТ | ВРЕМЕНСКА РАМКА | ОДГОВОРНО ЛИЦЕ/ИНСТИТУЦИЈА |
|---|---|---|---|---|
| **Организирање интерактивни настани за подигнување на нивото на писменост и литература кај младите** | -процент на учество на младите (најмалку 40% девојки/жени) | 1 000 000 | 2025 – 2029 | |
| **Курсеви за дигитална уметност** | | | 2025 – 2029 | |

### *Стратешка цел 2.2: Подобрување на условите за образование*

| МЕРКА/АКТИВНОСТ | ИНДИКАТОР/ПОКАЗАТЕЛ | БУЏЕТ | ВРЕМЕНСКА РАМКА | ОДГОВОРНО ЛИЦЕ/ИНСТИТУЦИЈА |
|---|---|---|---|---|
| **Зголемување на пристапот до образование за младите, особено младите од ранливите категории** | Обезбеден пристап до сите образовни институции за лица со потешкотии во движењето<br>Подобрена инфраструктура во училиштата<br>Поставени фотоволтаични панели на училиштата<br>Обезбедени наставни помагала<br>Број на млади кои поминале низ кариерно советување<br>Број на средношколци кои се запишале на факултет<br>Број на обуки за млади<br>Организирани обуки за почнување на сопствен бизнис од млади<br>Број на млади кои посетиле обуки од различни области<br>Број на млади кои по студирањето се враќаат во Валандово | 3 000 000 МКД | 2025 – 2027 | Општина Валандово |
| **Подобрување на инфраструктурата во образовните објекти, вклучувајќи го и подобрувањето на енергетската ефикасност и** | | | 2025 – 2029 | Општина Валандово |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **дигиталната инфраструктура** | | | | |
| **Подобрување на пристапноста на образовните објекти за младите лица со попреченост и обезбедување на соодветно адаптирани образовни материјали за непречено следење на наставата** | | | 2025 – 2029 | Општина Валандово |
| **Овозможување на кариерно насочување и советување за младите во сите нивоа на образование (основно, средно и високо)** | | | 2025 – 2029 | Општина Валандово, ГО |

***Стратешка цел 2.3: Подобрување на условите за развој на спорт и рекреација***

| МЕРКА/АКТИВНОСТ | ИНДИКАТОР/ПОКАЗАТЕЛ | БУЏЕТ | ВРЕМЕНСКА РАМКА | ОДГОВОРНО ЛИЦЕ/ИНСТИТУЦИЈА |
|---|---|---|---|---|
| **Изградба/адаптација на модерна спортска сала за различни активности како кошарка, мини фудбал, одбојка и** | - Адаптирана сала<br>- Број на спортски настани за млади<br>-број на млади жени девојчиња кои ја користат салата<br>-Број на клубови кои се финансираат од општината | 3 500 000 МКД | 2025 – 2029 | Општина Валандово |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **училишни спортски настани** | -број на млади опфатени со спортските настани (податоци разделени по возраст, етничко потекло, урбан/рурал)<br>-висина на средства од општински буџет за финансирање на спортските клубови<br>-Висина на средства од БС за финансирање на спортски клубови и настани<br>-Број на млади спортски таленти подржани од општината (податоци разделени по возраст, етничко потекло, урбан/рурал)<br>-Висина на средства за поддршка на младите спортски таленти | | | |
| **Финансиска поддршка за локалните спортски клубови** | | | 2025 – 2029 | Општина Валандово |
| **Зголемување на бројот на спортски настани** | | | 2025 – 2029 | Општина Валандово, ГО |
| **Поддршка за млади спортски таленти** | | | 2025 – 2029 | Општина Валандово, БС |
| **Воведување на мерки за одржливо финансирање на спортските клубови од Општината** | | | 2025 – 2029 | Општина Валандово, БС |

# Стратешка област 3 – Родова рамноправност

### *Стратешка цел 3.1: Обезбедување на социјални услуги за поддршка на жени и девојки*

| МЕРКА/АКТИВНОСТ | ИНДИКАТОР/ПОКАЗАТЕЛ | БУЏЕТ | ВРЕМЕНСКА РАМКА | ОДГОВОРНО ЛИЦЕ/ИНСТИТУЦИЈА |
|---|---|---|---|---|
| **Обезбедување бесплатни гинеколошки прегледи;** | -Број на реализирани субвенционирани гинеколоши прегледи (податоци разделени по возраст и ентичко потело)<br>-Износ на средства потрошени за менструални продукти<br>-степен на задоволство иницијативата за ментруални продукти - Број на нови социјални услуги (сервиси, | 2 000 000 МКД | 2025 – 2027 | Општина Валандово, ГО, институции од социјална политика |
| **Бесплатни менструални** | | | 2025 – 2029 | Општина Валандово, ГО, институции од социјална политика |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **продукти во училиштата;** | помош, советување, психосоцијална поддршка, градинки) | | | |
| **Воспоставување сервис за поддршка за млади родители (мајки, татковци, трудници)** | - Број на корисници на услуги (податоци разделени по род, возраст, етничко потекло, урбан/рурал)<br>-процент на задоволство од сервисите<br>- Број на дадени услуги (советувања, поддршка, помош) | | 2025 – 2029 | Општина Валандово, ГО, институции од социјална политика |
| **Обезбедување социјална и правна помош за жени во социјален ризик;** | | | 2025 – 2029 | Општина Валандово, ГО, институции од социјална политика |
| **Сервиси за психолошко советување за млади** | | | 2025 – 2029 | Општина Валандово, ГО, институции од социјална политика |
| **Обезбедување психосоцијална поддршка за жртви на родово базирано насилство** | | | 2025 – 2029 | Општина Валандово, ГО, институции од социјална политика |
| **Сервиси за грижа за деца (градинки, центри за ран детски развој)** | | | 2025 – 2029 | Општина Валандово, ГО, институции од социјална политика |
| **Субвенциониран јавен превоз за младите од руралните средини, приспособен на нивните потреби** | -Број на воведени линии<br>-Процент на задоволство на младите од линиите | | 2025 - 2029 | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Обезбедување субвенциоран оброк во секое училиште** | -Број на субвенционирани оброци | | | 2025 - 2029 |

*Стратешка цел 3.2: Намалување на разликите помеѓу момчињата и девојчињата и спроведување на мерки за борба против родовите стереотипи и предрасуди*

| МЕРКА/АКТИВНОСТ | ИНДИКАТОР/ПОКАЗАТЕЛ | БУЏЕТ | ВРЕМЕНСКА РАМКА | ОДГОВОРНО ЛИЦЕ/ИНСТИТУЦИЈА |
|---|---|---|---|---|
| **Курсеви за обука за нови вештини кои се барани и добро платени на пазарот на трудот вклучително и во доминантно машки професии (ИТ, графички дизајн, металургија, соларна индустрија итн.)** | -Број на одржани курсеви /образовни програми<br>-Број на учесници на курсевите/образовните програми (податоци разделени по род, возраст, етничко потекло)<br>-Процент на зголемено знаење/вештини стекнати кај учесниците<br>-Број на кампањи<br>-Број и висина на финансиска поддршка и стипендии за жени | 1 000 000 МКД | 2025 | Општина Валандово, ГО, институции од здравство |
| **Кампањи кои промовираат родова еднаквост и ги предизвикуваат родовите стереотипи во локалната заедница** | | | 2025 | Општина Валандово, ГО |
| **Обука за професионални вештини,** | | | 2025 – 2029 | Општина Валандово |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **претприемништво и финансиско управување, кои ќе им помогнат на младите жени да се вклучат во работната сила** | | | | |
| **Кампањи за женското и машкото здравје** | | | 2025 – 2029 | Општина Валандово, ГО |
| **Финансиска поддршка за жени за започнување бизнис и стипендии за образование** | | | 2025 – 2029 | Општина Валандово, ГО |
| **Образовни и менторски програми за лидерство и претприемништво и финансиска писменост за девојчиња и момчиња** | | | 2027 – 2029 | Општина Валандово |
| **Програми за здрава исхрана и физичка активност за жени** | | | 2025 – 2029 | Општина Валандово |